Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 527 www.mchamber.mk 28.04.2023

# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ АЛАРМИРА - БИЗНИСОТ ГО ПОНЕСЕ НАЈГОЛЕМИОТ ТОВАР ОД ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА





## Работна средба со компании производители на текстил и за трговија со гуми, масла и со возила кои создаваат отпад на територијата на РСМ

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ, EVN, vitaminka, T, IGM trade, Gulf, МЕПСО, NLB Banka, ПЕКАБЕСКО, КОЖУВЧАНКА, nextsense

СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, CROATIA OSIGURANJE, SPARKASSE, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, Duna, Comodita HOME, A1

СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, Swisslion, COLENCO, VEZESHARRI, AllianceOne




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## За ефикасна арбитражна постапка потребна е синергија помеѓу правниците во компаниите и надворешните адвокати на компаниите




Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Форумот за млади арбитри и алтернативно решавање спорови при Меѓународната стопанска комора со седиште во Париз (ICC YAAF), на 25.04.2023 година организираше Арбитражна конференција на тема: „Осигурајте се дека арбитражата ги исполнува вашите (компаниски) очекувања.“

Тамара Манасијевиќ, претставник на „ICC YAAF“ за Европа; адвокат, „ARP“, Виена, во поздравното обраќање изрази задоволство од големата заинтересираност за овој настан, а со тоа и за арбитражата, како алтернативен начин за решавање на споровите, кој се повеќе се практикува во современиот свет.

„Во последниот извештај на Европската комисија за нашата држава експлицитно се констатира дека е потребно, преку релевантните комори, да се работи на

континуираното промовирање на методите за алтернативно решавање спорови, како што е и арбитражата. Организирајќи настани од овој тип, заради подигнување на јавната свест за предностите на арбитражата, веруваме дека може да придонесеме подобро да ги информираме, поврземе и инспирираме младите професионалци да дискутираат за актуелните прашања од областа на арбитражата, да се вмрежуваат и да создаваат значајни врски со искусни практичари во оваа област и што повеќе да ја користат арбитражата за решавање на споровите помеѓу деловните субјекти", изјави д-р Елена Милевска Штрбевска, претседател на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија.

Панел-дискусијата ја модерираше д-р Ана Пепељугоска Костовска од Адвокатското друштво Пепељугоски, адвокат со искуство во домашна и меѓународна арбитража, а панелистите беа истакнати арбитражни практичари од Скопје, Загреб, Лондон и од Виена, со значајно искуство во меѓународни арбитражни постапки. Панелистите Борна Дејановиќ, во соработка со Wolf Theiss-Загреб, Томас Хербст од Zeiler Floyd Zadkovich-Виена, Марлин Кругер, VilmerHale-Лондон и Марија Шеќероска, ГД Гранит АД-Скопје имаа конструктивна дискусија на тема како да се водат арбитражните постапки, а притоа да се имаат предвид начелото на процесна економија и намалување на трошоците, автономијата на волја во арбитражните постапки во корелација со прашањето на контрола на временската алокација и трошоците, како и начинот на именување на арбитри. Особено значајно беше елаборирањето на потребата од синергија помеѓу правниците во компаниите и надворешните адвокати, кога се работи една арбитражна постапка. Панелистите беа едногласни во афирмирање на улогата на правниците во компаниите, кои во оптимални сценарија, треба да бидат подеднакво вклучени, како и надворешните адвокати. На конференцијата беа споделени и видувања околу можностите за спогодување во арбитражна постапка со цел намалување на трошоците. Дискусијата се заокружи со одговор на прашањето како да се заштедат трошоци во арбитражната постапка, а притоа истото да не биде на штета на странките.

Конференцијата ги собра на едно место сите заинтересирани адвокати, корпоративни правници и претставници од академската фела на едно место, како еден идеален форум за перспективните практичари од областа на арбитражното право и практика да разменат знаења, да споделат искуства и да придонесат арбитражата да стане дел од филозофијата на размислување за водење бизнис, а со тоа и дел од успешната приказна на деловните субјекти во управувањето со правните ризици и решавањето на појавените спорови меѓу деловните субјекти.



# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ АЛАРМИРА - БИЗНИСОТ ГО ПОНЕСЕ НАЈГОЛЕМИОТ ТОВАР ОД ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА



Управниот одбор на Стопанската комора и Македонската енергетска асоцијација како исклучително важни органи и форми на делување за бизнис секторот одржаа специјална седница на која заеднички се дискутираше за дефинирање конкретни мерки и решенија како бизнисот да се справува со новата енергетска состојба.

Претседателот Бранко Азески пред присутните бизнисмени и новинарите кои ја следеа целата седница, информираше дека изминатите повеќе од една и пол година неколку пати преку конкретни предлози, апели, укажувања од страна на Комората и МЕА се нудеа разни форми на заштита на стопанството, но компаниите беа оставени сами да се справуваат на отворениот пазар. Во таа насока претседателот Азески истакна дека иако е крај на зимската сезона, време нема, и дека сега треба да се креираат предлози за да не се случи повторно на стартот на следната сезона да бидеме затекнати од состојбите со снабдување на пазарот со електрична енергија и ќе продолжиме да бидеме упорни да нудиме решенија. Азески потенцираше дека големите компании како локомотива на

стопанството треба да бидат следени од страна на Владата бидејќи нивното работење, покренува работа и на илјадници мали компании и работни места кои без големите не можат да опстојат. Азески упати на фактот дека во услови кога не постои одговорност ниту поддршка од државата, кога во регионот но и глобално се уште демне неизвесност, кризи, конфликти, потребно е да се опстои на веќе формулираниот став дека големите компании со здружени средства може да се организираат и да набават електрична енергија по прифатливи цени, самостојно за свои потреби.

Присутните беа запознаени со резултатите од анкетата спроведена од стручната служба на Комората за зголемените трошоци на компаниите по основ на поскапа цена на електрична енергија во 2022 година споредено со 2021, како и за процентуално зголемување на трошокот за струјата за истиот период, која покажа дека во некои сектори, зголемувањето на трошоците било и до 470%.

Претседателот на Македонската енергетска асоцијација проф. д-р Кочо Анѓушев истакна дека, ако до пред извесно време се говореше за висока цена сега на прашањето „колку е цената на струја„, одговор прецизен нема, бидејќи флуктуации има од час во час во текот на само еден ден. Парадоксот оди дотаму, што на пазарот во моменти кога има зголемено производство од фотоволтачни централи, цена е и околу нула. Заклучоците што биле добри во одреден момент сега не се. Бидејќи во енергетиката постојано се менува ситуацијата, заклучоците треба да се имплементираат навремено. Оттука, потребни се нови чекори и мерки за да се заштити стопанството. Анѓушев предложи 9 мерки како предлог нацрт-заклучоци од МЕА со цел да се надмине новата енергетска состојба.

- Мерката за вклучување  во работа на сите електрани веќе нема ефект во услови на зголемено производство од обновливи извори (фотоволтаици) и затоа треба да се следи состојбата со цените на електирчната енергија и енергенсите (мазут, јаглен, ...) и преку оптимална економска логика да одлучува дали и кога е исплатливо да се вклучат одредени домашни енергетски капацитети или да се увезе ефтина енергија.
- Неопходна е дисперзија во инвестирањето на обновливи извори на енергија. На пример ветерните централи и фотоволтаичните електрани произведуваат електрична енергија во различно време. Да се инвестира повеќе во биогасни централи и повторно да се актуелизира инвестицијата во мали хидро електрани.
- Имајќи во предвид дека состојбата е иста во ЈИЕ, да се инвестира во батериски системи, и складишта на електрична енергија, но и реверзибилната хидроелектрана Чебрен, која во услови на ниска цена на ел. енергија би пумпала вода во горен базен во вид на акумулација. Бидејќи Чебрен е долгорочен десетгодишен проект кој треба да се оствари, во меѓувреме, државата треба да ги поддржи инвеститорите, индустриските капацитети и сл, за инсталација на батериски системи преку олеснување и намалување на постапки  и давачките, како и намалување на царинските стапки до нивно елиминирање, заради поттикнување на поголемо инвестирање, следејќи го примерот на ЕУ.
- Компаниите треба да ја прифатат новата состојба со варијациите на цените во текот на денот и кон набавката на електричната енергија да пристапат согласно нивниот технолошки процес, односно набавка по фиксна цена за фиксен процес или менаџирање со потрошувачката согласно берзанските цени во текот на денот, што може да води и до заштеди.
- Државата да се врати на Стратегијата за развој на енергетиката до 2030 година, која предвидува плански инвестиции во енергетските капацитети и енергетската мрежа.
- Последниот период се изградија многу обновливи извори на енергија, а нашата држава се уште не е сертифицирана за издавање на зелени сертификати. Затоа е потребно државата интернационално да се сертифицира за да може производителите на енергија од ОИЕ да издаваат зелени сертификати, кои подоцна ќе предизвикаат зголемен приход за инвеститорите.
- Се поддржува иницијативата на МЕМО да се направи македонска берза на електрична енергија, меѓутоа за берзата да биде ликвидна, да се донесе одлука со која сите државни купувачи ќе бидат на wholesale пазар, односно да не се набавува електрична енергија на тендери и преку билатерални договори, туку истото да се врши на македонската берза.
- Магистралните гасоводи да се стават во функција, но притоа да се градат и дистрибутивни мрежи низ градовите. Тоа ќе доведе до големи цени за пренос на гасот, но истиот ќе се дели на повеќе потрошувачи.
- Хидрогенот да биде имплементиран во Стратегијата за развој на енергетиката до 2030 година при нејзиното следно обновување кое се врши на секои 5 години.

Предлозите на Анѓушев и воведното излагање на претседателот Азески беа повод за дискусија на присутните учесници на специјалната седница на УО и МЕА, по што беше договорено во следниот период, покрај заклучоците од денешната седница, да се креираат и други заеднички предлози како ќе делува бизнисот во иднина наспроти се`уште неизвесната состојба со енергетската криза.

# Работна средба со компании производители на текстил и за трговија со гуми, масла и со возила кои создаваат отпад на територијата на РСМ



На иницијатива на Министерството за животна средина и просторно планирање, во Стопанската комора на Северна Македонија се организираше работна средба со компании производители на текстил и за трговија со гуми, масла и со возила кои создаваат отпад на територијата на РСМ, на која ги претставија Законот за управување со дополнителни текови на отпад и Законот за проширена одговорност на производителите.

Претставникот на Министерството за животна средина и просторно планирање, Ана Каранфилова-Мазневска, истакна дека со законите за управување со дополнителните текови на отпад и за проширена одговорност на производителите (Сл. весник на РСМ бр. 215/21) се уредуваат барањата за заштита на животната средина и на здравјето на луѓето преку спречување или преку намалување на негативните влијанија од создавањето и од постапувањето со отпадниот текстил, гумите, маслата и со возилата, како и другите прашања поврзани со постапувањето со отпадниот текстил, гумите, маслата и со возилата од економските оператори и од другите субјекти кои учествуваат во постапките на производство и на постапување со нив, а се регулираат и правата и обврските на сите правни субјекти кои на пазарот во РСМ пуштаат производи од кои по нивната употреба се создава отпад.



Истакна дека Законот за управување со дополнителните текови на отпадот се применува од 1 јануари 2023 година, а производителот за евиденција на количеството на производи пуштени на пазарот е должен да започне да ја води, исто така, од 1 јануари 2023 година, а одредбите за надоместоците ќе започат да се применуваат од 1 јануари 2024 година. Производителите се должни да се здружат преку основање и преку склучување договор со колективен постапувач или да обезбедат дозвола за самостојни постапувачи  најдоцна до 31 декември 2023 година. Подзаконските акти ќе се донесат до крајот на 2023 година.

Во делот на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад беше истакнато дека тоа се однесува на правните лица кои вршат дејности или активности со кои се врши пласирање одделни производи на пазарот во Република Северна Македонија, со чија употреба се создава отпад што им припаѓа на посебните текови на отпад и поради тоа тие имаат обврска да преземат дополнителни мерки на одговорност, но и да применуваат посебни правила на управување со посебните текови на отпад, со што ја остваруваат својата проширена одговорност како производители заради обезбедување максимална количина на собирање, преработка и на рециклирање на посебните текови на отпадот.

На крајот од состанокот компаниите производители на текстил и за трговија со гуми, масла и со возила се заблагодарија за конструктивноста на состанокот и се договорија да имаат редовна комуникација и координација со претставниците од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со почитувањето на одредбите од овие законски решенија.



# Во Скопје Стопанска комора и ИФЦ одржаа предавање за медијација и рани знаци на предупредување за настанување на инсолвентност

Стопанската комора на Северна Македонија на 26.04.2023 година во Скопје, во Комората, го реализираше второто бесплатно предавање (од новиот циклус на едукации) за компаниите за поголема популаризација и афирмација на предностите од користењето на медијацијата во нашата држава.

Во Скопје, предавањето на Стопанската комора на Северна Македонија и на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) на тема: "Рани знаци на предупредување за настанување на инсолвентност и користење на медијацијата во решавање на стопанските спорови", се одржа пред 20-тина присутни.

Од овој циклус бесплатни предавања за бизнис заедницата до сега се реализираше едно во Кичево на 25-ти април а ќе се реализира и во Битола на 27-ми април 2023 година.

На предавањето, д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска , потпретседател на Стопанска комора на Северна Македонија (СКСМ) и Национален кооринатор за медијација говореше за можноста за вклучување на медијацијата која им се нуди на располагање на фирмите за брзо и ефикасно решавање на одреден спор.

Таа истакна дека Стопанската комора на Северна Македонија години наназад организира низа настани и активности со цел поголема популаризација и афирмација на предностите од користењето на медијацијата во нашата држава. Во услови на нарушена ликвидност на компаниите, а со цел рационализација на нивните трошоци, зачувување на добрите деловни односи со партнерите и поголема предвидливост на настаните во следниот период, како најповолна алатка за решавање на сегашен или иден спор на компаниите, особено се препорачува користењето на медијацијата. Како Национален координато за медијација, Георгиева Јовевска подвлече дека улога и на Националниот совет за медијација е преку следење на работите на квалитетот на медијацијата да се промовира истата и да се искористат сите нејзини бенефити за инволвираните страни.

Медијацијата кај нас датира уште од 2006-та година и до сега законски има неколку измени со цел подобрување на регулативата и тоа во 2013, 2015, 2016 и последно во 2021 година кога се носи нов Закон за медијација во РСМ (кој е во сила од 04.1.2022 година („Службен весник на Република С. Македонија", бр. 294/2021). Тој има за цел приближување на земјата кон Европската Унија, која, пак, во ситуација на разрешување конфликтни и спорни ситуации, акцентот го става врз алтернативното решавање на споровите и врз медијацијата како еден од нив. Во Законот се разработени начелата на медијацијата, како што е начелото за доброволност на медијацијата, но и начелата за рамноправност и неформалност, непристрасност, доверливост, за достапноста на информациите од медијацијата во другите постапки, еднаквост на страните, правичност, ефикасност и за економичност. Со решенијата што ги нуди овој закон, сите засегнати страни, настојуваат да помогнат во зајакнувањето на медијацијата во нашата држава за да истата го добие заслуженото место, а од друга страна, посебно, да се зајакне правната сигурност на корисниците на медијацијата, со што ќе се овозможи на многу побрз и сигурен начин да се остварат нивните права и интереси.

На предавањето Дејан Костовски, правен консултант во проектот на Меѓународна Финансиска Корпорација, групација на Светска Банка – „ Решавање на долгови и деловен излез во Република Северна Македонија" говореше за новите постапки предвидени со предлог Законот за инсолвентност во насока на новите можности за фирмите за изнаоѓање на излез и решавање на проблемите произлезени од економската криза предизвикана од мулти кризата. Во контекст на предлог законот за инсолвентност беа преставени двете постапки кои имаат за цел да им помогнат на претприемачите навремено да пристапат кон разрешување на идните финансиски потешкотии кои долгорочно можат да предизвикаат инсолвентност. Тоа се постапката за превентивно преструктуирање и предстечајна реорганизација.

Костовски ги презентираше и „Раните знаци на предупредување за настанување на инсолвентност на друштвата". Целта на воведување на системот за рано предупредување е овозможување на должниците на кои им престојат финансиски потешкотии истите рано да ги препознаат и навремено да преземат мерки за споведување на постапка заради надминување на идната инсолвентност. Тој подвлече дека со предлог законот се нормира систем за рано предупредување кој се состои од два дела. Првиот дел од системот на рано предупредување е поврзан со зајакнувањето на капацитетите на органите на управување во делот на навременото или многу рано препознавање на финансиските потешкотии што би требало да доведе до тоа трговското друштво да се спаси. Тоа пошироко гледано би влијаело значителен процент на бизнисите и работните места да се спасат. Вториот дел од системот на рано предупредување треба да биде насочен кон навремено предупредување на доверителите за тоа дека кај определени друштва постојат услови за настанување на финансиски потешкотии. Се работи за посебни алатки за рано предупредување кои треба да се воспостават за да се предупредат доверителите за итната потреба да делуваат имајќи предвид дека што порано преземат акција имаат повеќе шанси да ја максимизираат наплата на нивните побарувања од друштвата за кои постојат индиции дека се соочуваат со идна инсолвентност.

На ова предавање искуствата од користењето на медијацијата во Србија и регионот ги споделија м-р Милена Тадировиќ-експерт за медијација, директор на Центарот за конструктивно решавање на споровите од Србија која повеќе се осврна на медијацијата во стечај и искуствата кои Србија ги има на ова поле како и проф.д-р Мирослав Кнежевиќ, консултант на ИФЦ од Црна Гора кој говореше за користењето на медијацијата во регионот.

# ПРЕКУ СИНЕРГИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА И ИФЦ ДО ПОГОЛЕМА АФИРМАЦИЈА И НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СТОПАНСКИТЕ СПОРОВИ




“Од користењето на медијацијата може да се има само корист. Таа претставува најбрза, најефтина и најефикасна алатка за алтернативно решавање на споровите. Посебно за бизнис споровите е многу поволна бидејќи учесниците остануваат во добри деловни односи, сите страни се задоволни од исходот на постапката, постои доверливост на самата постапка, ниедна информација која се споделува не излегува во јавноста, загарантирана е правичноста на страните и што е најважно се расправа за интересите на страните, а може да се реши и некој иден спор кој во моментот не ни бил предмет на размислување. Затоа, не треба да се чека да се превземе нешто кога за тоа ќе биде нужно во конкретниот случај да се користи медијацијата кога ќе бидеме во “невоља”, туку треба да се искористат добрите алатки навремено и паметно”.

Дејан Костовски, правен консултант во проектот на Меѓународна Финансиска Корпорација, групација на Светска Банка-„ Решавање на долгови и деловен излез во Република Северна Македонија“.

“Во предлог Законот за инсолвентност целите на системот за рано предупредување се овозможувањето на должниците рано да ги препознаат финансиските потешкотии и навремено да превземат и спроведат постапка заради надминување на идната инсолвентност како и навремено информирање на доверителите заради превземање на сооодветни мерки. Многу корисно од секаков аспект за компаниите ќе биде вклучувањето на Комората во поддршка при финансиско реструктуирање на компаниите доколку кај нив се појави одредена финансиска потешкотија”.



проф.д-р Мирослав Кнежевиќ, експерт за медијација од Црна Гора, правен консултатнт на ИФЦ

“Да се согласите да одите на медијација значи и да бидете спремни активно да учествувате во решавање на сопствениот проблем. Страните во суд дозвилуваат на друг да го реши нивниот проблем, додека во медијација самите се креатори на иднината на проблемот. Луѓето не се во спор, туку во спор се нивните желби, очекувања, цели и поставувања. Во медијацијата предмет на решавање на спорот е заедничкиот интерес кој страните сакаат да го постигнат. Затоа, не треба да бидеме инфериорни туку треба навремено да превземеме акција и преку медијација да ги поттикнеме страните да го решат проблемот сами при тоа уважувајќи ги сите околности кои довеле до спорот”.

м-р Милена Тадировиќ, експерт за медијација во Србија, директор на Центарот за конструктивно решавање на споровите, Србија

“Клучни предности на медијацијата во стопанските спорови се: вклучување на неутрална трета страна-медијатор, мирно решавање на спорот, комуникација помеѓу страните, подобрување на односите, добивање на оптимално решение и помалку предмети за судовите. Фокусот на медијацијата не е да го утврдува правото, односно да утврдува дали побарувањата на едната страна се основани или не. Медијацијата ги дефинира потребите односно, интересите на страните во спорот, а тоа значи дека едната страна знае дека нејзиното право е поголемо, но без оглед на тоа има интерес да го реши спорот во овој момент-сега. Пред се, на овој начин страните можат да поминат без судски трошоци, адвокати или трошоци за вештачење”.

Заокружување на процесот на два циклуси на шест бесплатни предавања во заедничка организација на Стопанската комора и ИФЦ

Во рамките на прviот циклус предавања одржани на 17,18 и 22 ноември 2022 година во Скопје, Штип и Струмица, како и деновиве, во рамките на вториот циклус предавања одржани на 25, 26 и 27 април 2023 година, Стопанската комора на Северна Македонија и Меѓународната Финансиска Корпорација (ИФЦ) одржаа бесплатни предавања пред бизнис заедницата на тема: “Рани знаци на предупредување за настанување на инсолвентност и користење на медијацијата во решавање на стопанските спорови”.

На сите шест предавања присутни беа повеќе од 120 фирми. На предавањата беше промовирана и дистрибуирана и Бошурата за медијација-второ издание, испечатена со поддршка на ИФЦ.

Предавачи на предавањата беа: д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија и Национален координатор за медијација, Дејан Костовски, правен консултант во проектот на ИФЦ за „Решавање на долгови и деловен излез во Република Северна Македонија“, додека на последните две предавања се вклучија и проф.д-р Мирослав Кнежевиќ, експерт за медијација од Црна Гора, правен консултант на ИФЦ и м-р Милена Тадировиќ, експерт за медијација во Србија, директор на Центарот за конструктивно решавање на споровите, Србија.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 03.05.2023**

# „БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАКУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОПРЕМА ЗА РАБОТА – ЛИФТОВИ ЗА ТРАНСПОРТ НА ЛУЃЕ И СТОКА, ВИЉУШКАРИ, ДИГАЛКИ И СЛ.“

Стопанската комора на Северна Македонија на 3 мај 2023 година во соработка со Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје, организира еднодневен семинар на тема: „БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАКУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОПРЕМА ЗА РАБОТА – ЛИФТОВИ ЗА ТРАНСПОРТ НА ЛУЃЕ И СТОКА, ВИЉУШКАРИ, ДИГАЛКИ И СЛ“.

Која е целта на семинарот:

- Да ги разберат барањата на самата законска и подзаконска регулатива;
- Да ги организираат и следат сите чекори на одржување во исправна состојба на техничката опрема;
- Да знаат каков вид на обуки се потребни за лицата кои ќе ракуваат и ја користат техничката опрема;
- Да ја обезбедат и одржуваат во актуелна состојба, целокупната пропратна техничка документација за техничката опрема која се користи во нивните компании.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за стручни лица за безбедност при работа како и лица кои на било кој начин и по која било основа се вклучени во работата да ја следат и одржуваат техничката опрема наменета за транспорт и подигање на луѓе и материјали, исполнување на сите обврски, како во поглед на безбедноста и здравјето на вработените кои ги користат, така и во поглед на обврските кои им ги налагаат самита законски и подзаконски решенија кои ја покриваат областа.

Сите учесници, со положен стручен испит за БР, ќе добијат Потврда за учество на обука (10 бода), согласно Правилникот за начинот на бодувањето на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување (Сл. Весник на Р.М.41/14), а останатите учесници ќе добијат Сертификат за учество.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 05.05.2023**

# EMPLOYEE ADVOCACY - КАКО ДО НАЈДОБРИ МАРКЕТИНГ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО СО ВАШИТЕ ВРАБОТЕНИ

Интерактивниот семинар се фокусира на запознавање со Employee Advocacy како концепт, совладување на најпопуларните техники на поттикнување на advocacy и осознавање на причините за успех на компаниите кои имаат развиени Employee Advocacy системи.

Која е целта на семинарот:

Семинарот има за цел да ги запознае посетителите со овој начин на екстерна комуникација, да претстави методи и техники за нејзино поттикнување и да ги подготви посетителите самите да ги спроведуваат во склоп на нивните компании или организации.

За кого е наменет семинарот?

Овој семинар е наменет за претставници на маркетинг и PR секторите во компаниите, како и лица задолжени за екстерна комуникација. Семинарот е на почетничко ниво – за посетители кои не се запознаени со тематиката или имаат само мало почетно знаење.

Начин на работа:

Овој семинар е наменет за претставници на маркетинг и HR секторите во компаниите, како и лица задолжени за екстерна комуникација. Семинарот е на почетничко ниво – за посетители кои не се запознаени со тематиката или имаат само мало почетно знаење/искуство.

Предавач: Ива Дујак

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Online Бизнис средби**

**08.05.2023**
**10.05.2023**

# „7th International B2B Software Days" - „виртуелни" билатерални деловни средби, 8-10 мај 2023 година, Виена, Австрија

Стопанската комора на С. Македонија, во соработка со Австриската агенција за промоција на истражувањата, Австриската стопанска комора, Advantage Austria-организација за унапредување на трговијата на Австриската федерална стопанска комора, Виенската деловна агенција и Виенскиот Универзитет за технологија преку EEН–Европската мрежа на претприемачи, Ве покануваат да учествувате на виртуелни деловни средби „7th International B2B Software Days".

На настанот предвидено е да учествуваат над 2000 учесници пред кои ќе бидат презентирани фасцинантни наоди од Software AG, KTM, Red Hat, TU Vienna, како и организирани работилници на следните теми: Metaverse, Feature development, IP Strategy, Security, визуелизација на податоци. Агендата за тематските работилници можете да ја погледнете на следниот линк: https://2023.b2bsoftwaredays.com/components/26499 .

Виртуелниот настан претставува одлична можност за презентирање на стартап идеите, промоција на деловни понуди и барања преку австрискиот пазар пред 50-интернационални инвеститори, воспоставување на контакти со потенцијални партнери за соработка, како и давање на значаен придонес за корпоративните предизвици преку креативните лабараторија. Оваа година партнерска земја на тимот е Ирска.

Учеството на настанот е бесплатно. Работен јазик е англискиот. Регистрацијата е отворена до 8 мај 2023 година на следниот линк: https://2023.b2bsoftwaredays.com/signup .

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk



**Конференција 16.05.2023 - 17.05.2023**

# АВСТРИСКИ СВЕТСКИ САМИТ 2023, 16-17 мај 2023 - Виена, Австрија / хибриден настан

Стопанската Комора на Северна Македонија во соработка со Advantage Austria, во рамки на иницијативата go-international и на климатската иницијатива од Шварценегер, срдечно ве поканува да земете виртуелно учество на Австрискиот светски самит на 16 мај, во Виена, Австрија.

Секоја година, оваа конференција од највисока класа и под водство на Арнолд Шварценегер, ги поканува лидерите од политиката, бизнисот и граѓанското општество, старт-апи, како и експерти и научници, да ги зајакнат партнерствата преку размена на искуства и идеи. Целта е побрзо спроведување на одржливи проекти за заштита на климата и борба против климатските промени.

Бидејќи бројот на учесници со физичко присуство е ограничено, можете да земете учество на настанот и виртуелно. Преку користење на посебна онлајн алатка имате можност да го следите настанот во живо и истовремено да комуницирате со другите учесници или да одржувате билатерални онлајн состаноци.

Што да очекувате?

Искусете возбудлива конференција со врвни придонеси на тема заштитата на климата;

Запознајте стотици интересни бизнис контакти од целиот свет користејќи го нашиот b2b инструмент за вмрежување;

Презентирајте ги вашите производи и услуги на меѓународната публика преку нашата b2b алатка за поврзување.

Виртуелното учество на настанот е бесплатно, а може да се регистрирате најдоцна до 16.5.2023 година на следниот линк https://austrianworldsummit2023.b2match.io/sign-up. Програмата, учесниците, и дополнителните информации се достапни на следниот линк: https://austrianworldsummit2023.b2match.io/components/29212.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

**Семинар 16.05.2023**

# ПРИМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО КАНЦЕЛАРИСКО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ, ПРИЕМ И СОЗДАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ/ЗАПИСИ, ПОСТАПКА СО АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ

Целта на онлајн семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на подготовка на документи за ништење поради одминати години, како и составување на комисија за рагледување и одбирање на документите/записи кои поради изминати рокови за чување потребно е да се одвојат и поништат.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискoто и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.




Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 17.05.2023 - 18.05.2023**

# ИТ КАТАСТРОФИ И ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Во организација Стопанската комора на Северна Македонија, за потребите на бизнис заедницата, на 17 и 18 мај 2023 година ќе се организира дводневен „он-лајн“ семинар на тема: ИТ КАТАСТРОФИ И ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО - Управување со кризни ситуации - дефинирање, тестирање и опоравување.

Што добиваат учесниците?

На семинарот учесниците ќе бидат запознаени со начинот на создавање планови, тестирања, одговорности и ризици, а се со цел да избегнат тешкотии во функционирањето или целосното прекинување на работниот процес во вашата компанија, како и да се избегнат ИТ катастрофи кои можат да доведат до прекин во работењето на примарниот дата центар за податоци како и губењето на податоците и важни информации.

Ќе се научи како на правилен начин да се спроведе деловна анализа на влијанието (БИА), да се креираат планови за DR и BC и да ги спречите негативните последици од настаната катастрофа.

Преку практични примери, ќе бидете запознаени со начинот на спроведување на редовно тестирање на DRP и BCP, како и задолжителните дејства за време на тестирањето кои треба да се внимаваат да не одат во погрешна насока, како и која е разликата помеѓу DRP и BCP и како се дефинираат улогите и кога се активираат плановите.

Предавач:

Лука Милинковиќ има долгогодишно искуство во контролирање и управување со ИТ безбедност преку развој на нови решенија и вршење ревизии на ИТ безбедност.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
17.05.2023

# "НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА АНАЛИЗА НА ПРОДАЖБАТА СО ПИВОТ ТАБЕЛИ И "ЖИВИ" ГРАФИКОНИ"

За кого е наменет:

За сите оние кои сакаат да го зголемат своето практично знаење за работа во Excel, како и за сите оние кои сакаат поефикасно да ги извршуваат своите задачи.

Важна напомена: учесниците да имаат лап-топ компјутери со инсталиран Excel (по можност 2013)

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот "Свети Апостол Павле" во Охрид и Универзитетот во Валенсија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Успешно раководи со првата бизнис клиника во нашата земја "Business Clinic DB".

Повеќе од 20 години реализира обуки за бизнис секторот во земјата и во странство.

Автор е на голем број универзитетски учебници и научни трудови објавени во списанија индексирани во реномирани бази на податоци.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
18.05.2023

# УПРАВУВАЊЕ СО ПЕРСОНАЛНА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО РАМКИ НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Опис на програма:

Обуката на учесниците ќе им овозможи преглед на клучните области на законска регулатива поврзана со работни односи и како овие области имаат влијание на секојдневни ситуации на работно место. Оваа практична обука на учесниците ќе им обезбеди знаење и вештини кои ќе им овозможат ефикасно управување на персонални предизвици на работно место, дискретно, доверливо и во согласност со закон.

За кого е наменета:

Оваа обука е наменета за вработени во секторите за Човечки Ресурси и Кадровски работи, како и за сите раководни лица од линиски, среден и висок менаџмент кои имаат потреба од знаења за законската регулатива со цел подобро менаџирање со своите вработени.

Обучувач:

Наташа Алексовска - Основач и деловен консултант во Вивендум Ратио Солушнс, предавач во Center of excellence на Вивендум Ратио Солушнс.  Наташа има докажано и успешно лидерство во компании кои го менуваат начинот на раководење преку развој и примена на современи практики за човечки ресурси кои водат до блиски врски на деловните партнери со целите на компанијата по пат на регрутирање, развој на кадри, управување со таленти, управување со ефективност во работењето, информатички системи за човечки ресурси, консалтинг со извршното раководство, сè со цел да се постигне оптимално планирање, управување и искористување на внатрешните потенцијали и ресурси. Има широко познавање и практично искуство во законска регулатива, буџетирање, анализи и иницијативи за заштеда на средства, организациска усогласеност, управување со промени и односи со синдикати и вработени.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**100**
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088